Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 23.04.2012 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од дел од катастарска парцела бр. 1345 во К.О. Костур, општина Крива Паланка, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **www.krivapalanka.gov.mk.**
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документЛокална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од дел од катастарска парцела бр. 1345 во К.О. Костур, општина Крива Паланка нема да има влијание врз животната средина од следните причини: станува збор за мала површина (2,5 ха), намената на просторот е преадаптација на веќе постоечки објект во Планинарски Дом и изградба на спортски терени и ски-патеки, се наоѓа на надморска висина од околу 2000 м во област на која најмногу застапени се ливадски пасишта, нема да има влијание врз животната средина бидејќи отпадот и фекалната отпадна вода соодветно ќе бидат третирани, нема да биде загрозен биодиверзитетот во областа предвидена за резелаизација на проектот;
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 8-1235/1 од 23.04.2012 — ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Место: Крива Паланка — Градоначалник,

Дипл. Правник Арсенчо Алексовски